Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 01-306/1
28.05 2026 год.
ПРИЛЕП

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПД Прилеп**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Годишниот извештај за работата на КПД Прилеп за 2025година се изработи врз основа на добиените и анализирани податоци за состојбата во Установата - КПД Прилеп. Во годинешниот извештај се овозможува увид и приказ на работата во КПД Прилеп за 2025година.

Со цел остварување на функцијата на КПУ, Управата на КПД Прилеп заедно со вработените преку својот придонес, професионалност, компетентност, одговорност и стручност која беше надоградена со континуираните обуки за вработените организирани од УИС, а врз основа на принципот на правичност, работните задачи ги извршуваа врз основа на законските прописи и стандарди, како и меѓународните стандарди и правила за осудените лица.

Во секторите на Установата, вработените беа обучувани и оспособувани за примена на современи мерки и средсва, како што е ажурирањє на податоци во електронскиот систем на дата базата на осудени лица, негова надградба и успешно спроведување во пракса, што резултира со поефикасен процес на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп и подобар увид во дата базата. Сите вработени активно зедоа учество и во едукациите за меѓусекторска соработка, разрешување на конфликти, мотивационо интервју, когнитивно-бихејвиорална програма, справување со burn out и манипулација од страна на осудените, подобрување на работните ангажмани, организирани од страна на УИС по различни теми, а значајни за организација на животот на осудените лица во Установата кои се идентификувани како нивни потреби, согласно законските прописи и меѓународните правила и стандарди.

Извршувањето на казната затвор во КПД Прилеп се одвиваше согласно законските процедури и правилници за работа со осудени лица, воопштено за целната група и вработените заедно со Управата на КПД Прилеп кои допринесуваа во реализација на истото.

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп

Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија

+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПД Прилеп**

## ПРИЕМ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

КПД Прилеп е казнено-поправна установа од затворен вид и согласно Правилникот за распоредување на осудените лица, во текот на 2025година за издржување на казна затвор се упатуваа осудени лица:

- Машки лица, примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над 3-години, од подрачјето на Основните судови Прилеп, Крушево, Битола, Ресен, Струга и Охрид;

- Машки лица пенолошки повратници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор (к/з понатаму во текстот) над 1 година, од подрачјето на Основните судови Прилеп, Крушево, Битола,Ресен, Струга и Охрид

- Машки лица осудени на казна доживотен затвор од подрачјето на Основните судови Прилеп, Битола, Крушево, Ресен, Струга и Охрид.

- Машки лица, странски држвјанин и лица без државјанство осудени со правосилни пресуди на к/з над 3 години од Основните судови во Прилеп, Крушево, Битола, Ресен, Струга и Охрид

Во континуитет за време на извештајниот период за 2025 година при приемот и идентификација на осудените лица се соочивме со проблеми поврзани со преполнетиот капацитет во Установата и намален број на вработени лица во секторот за ресоцијализација и затворска полиција (овој проблем е идентификуван и во претходните извештаи), и покрај зголемениот просторен капацитет на Установата, сепак евидентен беше предизвикот да се одговори на сите упатени акти за издржување на казната затвор во Установата од споменатите **Судови со кои имавме делотворна соработка во нашето секојдневно комуницирање иако напоменауваме дека со ефикасно менаџирање успешно беше одговорено на нивните** барања.

Во текот на 2025година во КПД Прилеп вкупно престојуваа **186 осудени лица**, од нив **121 осудени лица беа осудени лица затекнати на издржување казна затвор во КПД Прилеп од 2024година, а примени се 65 нови осудени лица, од кои 8 о.л. беа приведени, 22 о.л. казната затвор почнаа да ја издржуваат преку спровод од притвор, 30 о.л. се преместени во КПД Прилеп од други установи во државата, 7 о.л. се вратени од бегство (ненавремено враќање од доделени погодности или прекини на к/з) и 1 осудено лице е спроведено од екстрадиционен притвор, сами се јавиле 2 осудени лица за издржување на казната завор, на 2 лица им е приначена мерката лечење во ефективна мерка – казна/затвор и спроведени се од Болницата во Демир Хисар.**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп

Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија

+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

## ДВИЖЕЊЕ НА БРОЈОТ НА ОСУДЕНИ-ПРИТВОРЕНИ ЛИЦА

**Во текот на 2025година во КПД Прилеп престојуваа вкупно 186 осудени лица со вкупно 48695 осуденички денови.**

- Отпуштени осудени лица, вкупно = 35
- По издржана казна = 0
- Помилување = 0
- Условно ослободени = 23
- Предвремено по одлука на Директор = 12
- Преместени во други КПУ = 31
- Прекин на казна затвор = 14
- Повторување на кривична постапка = 0
- Друг случај на намалување = 0
- Во бегство биле = 10, од кои 7 се вратени од бегство
- Смртен случај =1

## СМЕСТУВАЊЕ, ИСХРАНА И ОБЛЕКА

Капацитетот на КПД Прилеп овозможува функционално сместување на **108 осудени лица**, при што реновирани се просториите во затворската економија наменети за издржување на казната затвор на осудени лица кои се распоредени со третман во отворено одделение и престојуваат лица кои се работно ангажирани во економијата (фарма и земјоделие) како и осудени лица кои се работно ангажирани надвор од Установата. Условите за сместување на осудените лица се релативно добри и се во согласност со меѓународните стандарди (обезбедени основни стандардни услови за сместување, ако се има во предвид и преполнетиот капацитет во КПД Прилеп). Осудените лица во почетокот на издржувањето на к/з престојуваат во приемното одделение (**каде се подобрени условите со ефикасен простор за квалитетно извршување на слободното време и шеталната**), затворено одделение каде престојуваат о.л. со затворен третман и се вложи во тековната година во подобрување на сместувачките капацитети (**поплочен е со бекатон плочки-(сопствено производство од КПД Прилеп)- просторот за шеталната и реновирано е купатилото**), одделение за висок ризик и во полуотвореното одддeление, каде осудените лица се распоредени на два спрата. Обезбедена **е топла вода преку соларни панели и функционална дограма, исто така се подобрија и условите за живот со вградување на смообновувачки клима уреди за секоја просторија каде се сместени осудените лица (со сопствени средства на КПД Прилеп) со што се овозможи да се подобрат сместувачките услови за лицата кои издржуваат казна затвор, а се намалија трошоците на Установата**. На месечно ниво и по потреба им се вршеше дотур на основни хигиенски средства за одржување на личната хигиена и хигиената во просториите, како и душеци и постелнина кои беа обезбедени од страна на **КПД Прилеп преку донација на ДОО „Комфи Ангел“.**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп
Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија
+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

Согласно **член 4 и член 39 од Законот за заштита и спасување**, сите правни субјекти се обврзани да преземат мерки за заштита од пожари, вклучително и набавка на соодветна противпожарна опрема, **набавена е противпожарна опрема –противпожарни апарати**. Со оваа набавка се овозможи ефикасно спроведување на законските обврски преку набавка на следната опрема:

**Седум (7) противпожарни апарати С-9** (со прав), кои се распоредени низ повеќе локации во установата (нови канцеларии, магацини за храна, економски оддели) за брза интервенција при евентуални пожари.

**Два (2) противпожарен апарат со $CO_2$ од 5 кг**, кои се неопходни за заштита на критичните електрични инсталации (главен електричен ормар и ормар за агрегат за главна затворска зграда и економија), со цел спречување на пожари предизвикани од електрични неисправности.

**Пет (5) професионални хидрантски противпожарни црева и пет (6) млазници и два коси вентили**, кои ќе се искористат за доопремување на постојните хидранти, овозможувајќи ефикасно справување со пожари во управната зграда, како и во отворените и полуотворените одделенија.

Согласно **Член 172 од Законот за извршување на санкциите (ЗИС), каде се** пропишува дека осудените лица при работа да користат минимални технички услови за заштита при работа. **Набавена е ХТЗ опрема за работно ангажирани лице во машинска работилница и земјоделие и одлагање на сметот ( работно палто, раобтни панталони и работнички високи чизми)**

Исхраната е организирана согласно законските одредби и приготвувана е според изготвена листа за јадење со соодветни законски прописи за хранливост**, а во тековната година беше подобрен асортиманот со зголемен и збогатен фонд на квалитетни производи, а кујната беше обновена со нови средства за работа и за обработка на храната**. Во изготвувањето на храната како и во нејзиното распределување учествуваа и активно беа ангажирани осудените лица под раководство на инструктор кувар од секторот за ресоцијализација на о.л., на кои им беа обезбедени санитарни книшки, лицата кои беа работно ангажирани за работа во кујната и трпезаријата паралелно се обучуваа за вршење на оваа дејност и по издржувањето на казната затвор.

Храната се припремаше квалитетно, според потребите на осудените и религиските специфичности (воглавно произведена од економијата на КПД Прилеп), за што не се регистрирани забелешки од осудени лица.

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп


Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија
+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Во отсуство на вработен лекар од општа пракса во Установата, здравствената заштита на осудените лица се вршеше на начин што КПД Прилеп преку Договор за вршење на повремени работи ангажира лекар специјалист – психијатар, кој најчесто по два до три пати на месечно ниво (по потреба и почесто)** вршеше лекарски прегледи на осудените лица кои имаат идентификувани здравствени проблеми, преглед на новопримени о.л., лица кои имаат изречено дисциплинска санкција/самица, и лица кои се ослободуваа од казната затвор. Се користеа и услугите од Брзата помош при ЈЗУ Градска болница Прилеп и други здравствени услуги според потребите на о.л. во други здравствени установи и институции во државава. Брзата помош при ЈЗУ Градска болница Прилеп вршеше прегледи и интервенции согласно идентификуваните потреби на о.л. и приоритетноста на здравствените проблеми, кои претходно беа тријажирани од страна на медицинскиот персонал. Согласно здравствените упати издадени на о.л., истите беа спроведувани до соодветните здравствени институции, а во интерес на здравјето на о.л. **Во КПД Прилеп 2 медицински сестри се ангажирани секој работен ден да се грижат за здравствената состојба на о.л. кои издржуваат к/з и согласно новите Протоколи за работа ја извршуваа својата здравствена дејност (ординирање медикаментозна** терапија, примарни преврски, тријажа согласно приоритетите на здравствената состојба на о.л. и други работи поврзани со здравјето, здравствена едукација). Медицинските сестри се ангажирани преку ЈЗУ Градска болница Прилеп, во текот на оваа година го регулираа работниот однос и се во постојан работен однос. **Управата на КПД Прилеп во тековната 2025година обезбеди бесплатна супституциона терапија (бупренорфин и метадон) за осудени лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп, а се на супституциона терапија од опијати преку Центарот за лекување на зависности во Битола, со што непосредно се влијаеше на животниот квалитет на о.л., имено се подобри финансиската состојба/егзистенцијата, затоа што за прв пат не мораа самостојно да ја набавуваат оваа терапија, беше обезбедена од Министерството за здравство.**

**Согласно новите процедури, сите осудени лица се здравствено осигурани преку Установата и во континуитет се следи флуктуацијата на нивниот одлив и прилив во КПД Прилеп**. Здравственото осигурување на лицата кои се лишени од слобода во 2025година имаше извесни системски нерегулираности и недостатоци, кои беа видливи за време на прекин на казната затвор или при рефундирање на средствата од Министерството за здравство.

Осудените лица кои имаа потреба од стоматолошки услуги, овозможено им беше да ја реализираат стоматолошката потреба надвор од КПД Прилеп, со организиран спровод во приватни стоматолошки ординации. Исто така осудени лица кои имаа закажано оперативни интервенции се спроведуваа до соодветните Установи и беа чувани од вработените на Затворска полиција, доколку на о.л. имаа одредено болничко лекување.

Организирано имаше и доаѓање на приватна лабораторија, која вршеше групни лабораториски испитувања кај осудените лица, **беше реализирано и радиолошко /рендгенско снимање на осудените за превенција од Туберкулоза со посредство на Центарот за јавно здравје Прилеп и НВО. Организирана беше и крводарителска акција од страна на вработените во КПД Прилеп**


Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Потребната медикаментозна терапија и трошоците за болничкото лекување се набавуваа и се обезбедуваа од страна на установата КПД Прилеп, а прирачната аптека во Установата во континуитет се снабдуваше со потребни лекарства од сметката на Установата. Голем дел од осуденичката популација се лица кои користат психоактивни супстанции и се на супституциона терапија од опијати, која терапија редовно се ординира согласно законските прописи (за што погоре е акцентирано), а корисниците беа ставени на стандардна терапија за одржување на лица кои користеле психоактивни супстанции, препишана од лекар-специјалист.

Личната и општата хигиена на осудените како превенција кон здравствената заштита се реализираа преку обезбедени услови за лична хигиена со секојдневно капење, туширање, редовно перење и менување на постелнините и **облеката (зголемен број на машини за перење и сушење алишта),** а преку редовното извршување на редарските обврски се овозможуваше општи хигиенски услови во КПД Прилеп. Доставувани им беа хигиенски средства на сите о/л, со посебен акцент и засилено на оние осуденици кои немаа средства да ги набават, од страна на установата.

**По потреба неколку пати годишно се изврши дезинфекција и дератизација од страна на Центарот за јазвно здравје Прилеп**.

## ВОСПИТНО – ПРЕВОСПИТНА РАБОТА

Во текот на 2025година воглавно беа реализирани планираните активности од програмата за извештајниот период.

Секторот за ресоцијализација беше главен носител на активностите во процесот на ресоцијализација во континуирана соработка со Управата на Установата (Директор и Заменик Директор) и другите служби од Установата, со посебен акцент на меѓусекторска соработка со вработените во Затворска полиција и Одделението за стопанска дејност со цел комплетна реализација на третманот (меѓусекторска соработка).

Секторот за ресоцијализација како вршител на дејноста за ресоцијализација беше составен од тим, и тоа: 1 раководител на одделение за третман на осудени лица, воедно и воспитувач на воспитна група, кој по вокација е дипл.психолог и 1-дипл. психолог соработник/воспитувач (тоа се лицата кои го сочинуваа стручниот тим), 1 ангажирано лице/вршител на дејност, по вокација социјален работник со договор на дело за вршење на интелектуални работи и воспитувач на воспитна група. Во тимот за ресоцијализација вработени се 4 инструктори за работно ангажираните осудени лица кои беа непосредно ангажирани во производствениот процес и се важен дел од процесот на ресоцијализацијата на о.л. Од нив еден инструктор е со дејност кувар (одговорен за кујната и храната на осудените лица и одговорен е за работно ангажираните лица во кујната), еден инструктор со високо образование е ангажиран за свињарската и краварската фарма и за лицата кои се вработени во таа област, еден инструктор со високо образование е ангажиран во машинско-браварски, електрични и градежни дејности кој заедно со работно ангажираните лица во овие дејности комплетно се грижат за тековно одржување на објектите, уредите во Установата и редовно сервисирање на истите, еден инструктор е задолжен за земјоделството, кој во тековната година го заврши својот работен однос и ги оствари условите за пензионирање, еден инструктор го прекина работниот однос и се пресели да живее во странство, по негово барање.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп

Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија

+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

Работата на осудените лица беше координирана и следена од инструкторите за практична обука на осудени лица,.

Во рамките на секторот за ресоцијализација прв контакт со новопримените осудени лица го врши (1-еден) референт за прием и отпуст кој истовремено ги следи измените на казната затвор, истекот на казната затвор, врши ажурирање на податоците кај осудените лица, ги ажурира списоците и води евиденција на осудените и се што е поврзано со нив од правосудна гледна точка, статистичка обработка на истите доставувајќи навремено извештаи, податоци и контакти со судовите поврзани со кривичните дела, пресуди, а во интерес на о.л и Установата, врши и евиденција во матична книга и други евиденции, следење на бројот и движење на осудените лица и други работи поврзани со податоци за осудени лица и за Установата-воопшто). **Изградени се две нови канцеларии и комплетно реконструирани, во едната од нив е сместен и референтот за прием и отпуст со цел поефикасно работење (од сопствени извори на КПД Прилеп со осудени лица работно ангажирани под раководство на инструкторот).**

Главни дејности во секторот за ресојализација беа; дијагностика, проценка на ризикот за рецидивизам и потребите на осудените лица, опсервација на осудените лица при приемот, континуиран контакт со осудените во текот на издржувањето на казната затвор, планирање на соодветни програмски содржини согласно потребите на осудените и можностите на Установата, третман на осудените лица и реализирање на планираниот третман, поддршката по отпуштањето од Установата, план за казната затвор, изготвување соодветни предлози и документи за разни правни лекови, согласно законските основи (преместувања, прекини на казната затвор, помилувања, условни отпусти.....). Преку индивидуални советувања и разговори се одвиваше процесот на ресоцијализацијата (во рамките на човечките капацитети) со осудените лица, каде главно се работеше на воспитниот аспект, преку соодветни третмански мерки, а особено преку работата како главна третманска мерка, когнитивни реструкции, прифаќање на одговорноста (причинско-последични врски), квалитетно користење на слободно време, комуникација и разрешување на конфликти. Особено беше значајна улогата на стручниот тим во подготовките за постпеналниот период од издржувањето на казната затвор, со цел правилен тек на постпеналниот процес. Ресоцијализацијата започнува во КПУ, а продолжува во постпеналниот период во местото на живеење. **Особено во овој извештаен период беше ставен акцент на условниот отпуст, добиени се неколку пати повеќе условни отпусти за о.л. од страна на судовите, благодарение на напорите на Управата на КПД Прилеп со цел да се промовира оваа условна казнена мерка, заради што беше организирана тркалезна маса со регионалните судови и пробациските канцеларии, како и со Директорот на УИС и вработени од УИС, професори од еминентните правни факултети од оваа област и НВО, како и казнено поправни установи од овој територијален регион. За цело време Управата е во контакт со судовите во интерес на Установата и лицата кои издржуваат казна затвор, што резултираше со изречени условни отпусти (прв пат во вака голем број-23 Решенија со условен отпуст за осудени лица).**

Активносите се реализираа согласно програмата за работа каде посебен акцент беше ставен на приоритетните потреби на осудените лица, работните ангажмани, морално-етичко воспитување и имплицираните фактори за криминално однесување.

Важен дел од воспитната работа покрај секојдневното следење, насочување и моделирање за правилна третманска ориентација, врз процесот на ресоцијализација имаше и


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп

Ул. „Крушевски пат" бб,Прилеп
Република Северна Македонија

+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

советодавната работа која за примарна цел имаше корекција на изградените асоцијални и криминогени ставови и трансформирање во социјално пожелни ставови. Во текот на работата се настојуваше да се обезбеди успешна адаптација и ефикасно функционирање на осудените лица во осуденичката средина, насочување и поттикнување на позитивни форми на однесување, изградување на свесност за поведението и превземање на одговорност за истото, нивно поттикнување за работа на себе, менување на одредени ставови и однесувања кои најчесто се причина за криминално однесување, развивање на чувство на самокритичност што е многу важно особено кога станува збор за причините за извршувањето на кривичните дела и последиците од истите. За да се постигни целта на казнувањето, самото извршувања на казната затвор да има позитивен ефект врз осудените лица, воспитно-превоспитниот процес се организираше со содржини и активности кои позитивно влијаеа врз личноста на осудените за зачувување на позитивните особини, менување на ставовите, преформулирање на негативните ставови, развивање на чувство за одговорност, самокритичност и потикнување да го прифатат и активно да учевствуваат во третманот за време на издржувањето за казната затвор.

Особено значаен сегмент во индивидуалната работа со осудените лица беше оддржувањето на семејните контакти со своите најблиски и нивно потпомагање, со цел решавање на актуелните семејни проблеми, а сето тоа во насока на процесот на ресоцијализација. За таа цел активно функционираше **детско катче за слободни детски активности при посетата на семејството на о.л. каде децата на о.л. можеа да остварат поблиска врска со родителот кој издржува к/з во соодветно опкружување и пријателска средина што овозможи да се намали стресот кај истите и да се обезбеди функционален атачмент и поврзување**. Со цел подобра адаптација и во интерес на зачувување на продуктивни семејни контакти, активно се користеа **две соодветно опремени простории за слободно видување со партнерите и просторија за посети со семејствата и пријателите, со** цел одржување на контакти со блиските и надворешниот свет, а се во насока за успешна реинтеграција во заедницата кога ќе издржат казна затвор.

Групната работа (во неколку наврати) имаше значење за спроведувањето на третманот, осудените лица беа опфатени во групна работа според условите и потребите на осудените. Учевството во групна работа овозможи пофункционална групна динамика, со можност да се подобрат меѓусебните односи во групата на релација осудено лице – осудено лице, но и комуникацијата на релација службено лице – осудено лице, да се избегнат негативните влијанија на поединци во групата и врз групата, споделување на проблеми, како и мотивирачки и стимулативно влијание на о.л врз личниот развој. **Теми на групанта работа беа; 2намалување на штета од употреба на психоактивни супстанции“ и „Когнитивно реструктурирање на дисфункционални мисловни образци“ реализирани од секторот за ресоцијализација со помош на Затворска полиција.**

Третманот на осудените лица се остваруваше со примена на повеќе современи облици на третман – општи третмански мерки (редовни програми) и специфични третмански мерки ( специфични програми) за кои се уште немаме соодветна едукација како тим за ресоцијализација. Се одржуваа предавања за повеќе теми: Зависност од психотропни супстанции, агресивност и други теми од секојдневниот живот, кои предавања во зависност од темата ги реализираа едуцирани лица за соодветната тема вработени во КПД Прилеп.

**Со цел поефикасна работа и согласно потребите на вработените во КПД Прилеп за сите вработени беа реализирани едукации од страна на УИС и Центарот за едукација, согласно Законот за извршување на санкциите**. Со цел хумано постапување со осудените лица и овозможување сигурност, безбедност и грижа, овозможени беа континуирани обуки на вработените во КПД Прилеп (службени лица од Секторот за ресоцијализација, Затворската полиција и други службени лица кои имаат контакти со осудени лица. Континураната едукација на вработени во КПД Прилеп беше реализирана на следниве теми:

1. Разрешување конфликти
2. Меѓусекторка соработка
3. Мотивационо интервју

4.Когнитивно – бихејвиорална програма

5. Справување со burn out

Со што се овозможи да се воспостави систем на континуирана едукација за вработените во КПД Прилеп, професионалците се обучија за темите, воедно и пофункционално работење со осудените лица, поефикасна меѓусекторска соработка, вмрежување со други КПУ, подобрено ментално здравје кај персоналот од Установата, подобрени вештини за работа.

Вработените во секторот за ресоцијализација учествуваа и во неколку работни групи: **Програма за третман на радикализирани осудени лица**, (со цел функционално и поуспешно работење со радикализирани лица и можност за нивна поуспешна ресоцијализација); **Работа со зависности и родово-базирано насилство**, (каде се запознаа за поуспешно спроведување на казната затвор кај лица кои употребуваат психоактивни супстанции и родово базирано насилство; **„Зајакнување на соработка во Западен Балкан во управувањето со насилен екстремизам во затворите и спречување понатамошна радикализација по ослободувањето“ (меѓународна Конференција),** каде учествуваа во изработка на алатки за процена на менталното здравје кај радикализирани лица и вмрежување регионално и споделување искуства со Западен Балкан (вработени во пенитерцијални установи); **Обука за правата и обврските согласно Закон за заштита од вознемирување на работно место** (организирана од Правната служба во КПД Прилеп) вработените во КПД Прилеп се запознаа со правата и обврските согласно Закон за заштита од вознемирување на работно место и потпишаа изјави за истото.

Контактите со Центарот за социјална работа, МВР, Судовите, Судиите за извршување на санкции КПД Прилеп ги реализираше во текот на 2025година со цел поддршка во решавањето на проблеми кои беа од правен аспект и од социјална природа за осудените лица. Соработката со овие институции беше значајна и во постпеналниот период за давање на разни видови помош индивидуално оптеретени според потребите на осудените. Од институциите имавме повратна информација дека најчест облик на помош во изминатата година била паричната еднократна помош, која се реализираше преку ЦСР и можност за вработување.

**Особено беше значајна соработката на Управата на КПД Прилеп со Претседателката на Основен суд Прилеп, каде беше промовирано и агитирано за потребата од условен отпуст за Битолското апелационо подрачје со посебен акцент на Основен суд Прилеп, за што погоре опишан е позитивниот фид-бек од овој ангажман.**

Беа потпишани и **Меморандуми за соработка помеѓу Управата на КПД Прилеп** и неколку институции и установи од општина Прилеп, а се значајни за квалитетното издржување на казната затвор во Установата и за општо подобрено функционирање на КПД Прилеп (покрај претходно потпишаните меморандуми за соработка), оваа година потпишани се и **Меморандум за соработка со ДПТУ „Терминал“-Комуналец, ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп**, со цел подобрување на процесот на ресоцијализација кај о.л, со што се овозможува развивање позитивни ставови кон работата и создавање работни навики, за што имавме и успешна соработка во неколку наврати во текот на годината,

**Меморандум со Министерство за дигитална трансформација** со чија помош се уредуваат условите и начинот на користење на информатичкиот систем за електронско, канцелариски и архивско работење.

Во текот на годината имавме соработка со невладин сектор: **НВО-ЦГИ (НВО Центар за граѓанска иницијатива)** со кој се реализираа неколку проектни активности (во почетокот се работеше на дестигматизација со вклучени локални клучни фактори преку обезбедени едукации и семинари), психосоцијална поддршка за о.л. кои имаат потреба од ваков тип на услуга, (еднаш неделно доаѓаше психолог) и за лица кои се пред истек на к/з со цел подобра реинтеграција во средината –вработување, семејно функционирање и личен развој, изградена е машинско-браварската работилница, која ја конструираа осудените лица под контрола на инструктор, која требаше да профункционира со инсталирање на соодветни машини кои требаше да бидат обезбедени од НВО (таа цел не е реализирана) и електронска лабораторија со донација за 8 компјутери, со чија помош ќе се обучуваа о.л. за електронска писменост (обезбедени се компјутерите, но процесот на образование и обука на о.л. не е започнат) . Завршувањето на проектот финишираше со еднодневна едукативна средба со затворорт во градот Корча во Р.Албанија, каде претставниците на НВО, КПД Прилеп и претставниците од Затворот во Корча споделија искуства во работењето, во процесите за ресоцијализација на осудени лица и можности за понатамошна соработка помеѓу казнено-поправните установи, а претставниците на НВО ЦГИ ги презентираа активностите од проектот и резултатите од проектните активности. Студиската посета беше реализирана од претставници од КПД Прилеп, вработени од сите сектори.

-**НВО Станица 5,** која работеше на обезбедување на бесплатна правна помош и други социјални потреби на о.л. кои беа идентификувани од тимот на ресоцијализација, а преку нивните посети индивидуално се работеше на потребите на осудениците, како и вмрежување со клучните локални фактори со цел системски и организиран одговор на потребите на о.л. НВО Станица 5 организираше во неколку наврати промоција на условните отпусти и потребата од нивно почесто изрекување. Несебична беше нивната соработка и заложба за одговорите на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп.

**КПД Прилеп беше посетен и преку еднодневна студиска посета од страна на студентите од Правниот факултет во Битола**, кои беа информирани за работата на казнаено-поправните установи, конкретно на КПД Прилеп, условите за работа, начинот и спроведувањето на процесот на ресоцијализација, издржувањето на казната затвор...

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**КПД Прилеп**

**СПОРТ И ЗАБАВА**

Една од примарните обврски во процесот на ресоцијализација на о.л. во КПД Прилеп за тековната година беше содржинско планирање и програмирање на слободното време со основна задача да им се овозможи на сите осудени лица слободно и без принуда да си ги задоволат и исполнат своите интереси и склоности, а во согласност со нивните психо-физички карактеристики.

Слободните активности како дел од дневните активности на осудените лица после завршувањето на работните задачи се практкуваа секојдневно со цел квалитетно користење на слободното време, ослободување од психичката тензија, подобрување на меѓусебните релации во групата, развивање на позитивни интереси, и позиеивен инпакт на целокупниот личен развој на осудените лица кои издржуваат к/з со нашата установа.

Согласно распоредот за дневни активности во домот, интересите на осудените лица, мерките планирани за третман, а врз основа на можностите на установата (адаптирани беа спортски терени за фудбал, одбојка, баскет, маса за пинг-понг, теретана) се реализираа слободните активности за осудените лица:

-програма за спорт- осудените лица имаат можност да изберат неки од групните спортови, од кои најчесто пројавуваа интерес за фитнес, пинг-понг, фудбал, баскет, тенис.

-Можност за следење на ТВ програмата, дневен печат и **библиотека**, која континуирано се надополнуваше со литература.

Сите овие слободните активности беа следени и координирани од вработените во КПД Прилеп.

**На 01.04.2025година организирана е шаховска симултанка** на осудените лица со Шах мајстор од Прилеп во соработка со Шаховскиот клуб од општина Прилеп, каде учество зедоа 25 осудени лица. Со тоа се овозможи развивање на когнитивни способности кај о.л и подобрена тимска работа, што резултираше со можност за поуспешна ресоцијализација. Донирани беа и шаховски табли од страна на Шаховскиот клуб од општина Прилеп.

**Во текот на месеците јули, август и септември организиран е пинг-понг натпревар меѓу 20 осудени лица** со цел активно користење на слободното време, јакнење на спортскиот и тимскиот дух кај истите.

Во текот на целата година од страна на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп **беа донирани реквизити за теретаните по одделенија и спортски реквизити кои го збогатија спортскиот живот кај истите.**

На 10.06.2025година беше реализиран музички концерт од страна на НВО "Здружение Лидер Импакт - Фокус" со цел подобрување на културата на живеење и осмислен културно-забавен живот.

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп

Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија

+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

## РАБОТЕН АНГАЖМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Работата како општо третманска мерка во редовните програми, а согласно можностите на Установата се настојуваше поголем број на осудени лица согласно нивните работни способности, интереси, склоности, работно да бидат ангажирани. Осудените лица работно беа ангажирани во :

-затворската економија- земјоделска дејност, каде задолжени беа за одгледување на житни култури, градинарски култури и друго;
-во свињарската фарма;
-во краварската фарма;
-во кучкара;
-одржување на парно
-градежни работи во Установата
-машинско-браварски работи;
-одржување на хигиена во Установата
-кујна и трпезарија
-библиотека
-перална
-општа група

Осудените лица огласно законските прописи и Упатството за работно ангажирање на осудени лица беа ангажирани и надвор од Установата во приватни фирми (според законски одредени акти и по претходно склучени договори и согласности за работен ангажман добиени од Директорот на УИС, а по предлог на Директорот на КПД Прилеп), а дел од осудените лица редовно се ангажираа и на други работни места според претходно потпишаните Меморандуми за соработка со локалните установи и институции за општо корисна работа за граѓанството (осудени лица со отворен и полуотворен третман и во надзор на затворска полиција).

Работниот ангажман на осудените лица е од суштинско значење во процесот на ресоцијализацијата и се одвиваше со вклучување на поголем број на осудени лица во работни групи кои извршуваа работни задачи во затворската економија-земјоделска и градинарска дејност, фармата – сточарска дејност, (краварска и свињарска фарма,) во кучкара, во установата - одржување на зеленило, парк, службените простории, кујната, библиотека, перална, машинската работилница, градежна група и општа група и во хала за машино-браварската работилница во која се обучуваа посебно лицата лишени од слобода кои се класификувани и распоредени во затвореното одделение, во групите В2 и В3, а лицата лишени од слобода со отворен третман, распоредени во А група беа ангажирани надвор од Установата без надзор од службени лица во фирми, по претходно добиена согласност од УИС и по претходно склучени договори за работа со фирмата каде беа ангажирани. **Во овој работен процес своите права ги искористија и беа опфатени 6 осудени лица, ангажирани во**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп
Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија
+389 048 420 493
www.pravda.gov.mk
zatvorprilep@yahoo.com

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

**ДОО „Комфи Ангел“ во текот на 2025година, и 8 о.л. во приватни фирми со различни дејности.**

Во сточарската дејност имаше потреба од поголем број на работно ангажирани осудени лица бидејќи се задржа постоечкиот фонд на крупен добиток (крави) кој броеше 18 грла и 85 грла свињи, кои служат за исхрана на осудените лица и за продажба. **Сето ова укажува на сопствена оджливост на Установата од сопствени ресурси. Во земјоделството инструкторите со помош лицата лишени од слобода од површината со која располагаме 200dek/20hek земјиште, 160 беа посеани во есенска сеидба со пченка и јачмен (за исхран на добиточен фонд) со помош на лицата лишени од слобода кои се со либерален третман, а знаат да управуваат со земјоделски машини. За пролетната сеидба лицата лишени од слобода, под надзор на инструктори имаа посеано уште 25dek луцерка, пченка и градинарски култури за потербите на кујната (краставици, домати, компири, кромид, марулка, пиперки, грашак, зелка, во два пластеника од по 100m2), започна и во континуитет се зголемуваше покриената површина со системот за наводнување капка по капка, кој започна оваа 2025 година .**

**Неопходно е вработување на лица во сите одделенија во секторот за ресоцијализација со цел ефикасност во основната примарна задача на казнено-поправните установи – покрај безбедно извршување на казната затвор и успешна ресоцијализација на осудени лица со намлување на степенот на рецидивизам**

## ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА

Во текот на 2025година активностите во Затворската полиција ги извршуваа **50 лица** и тоа:
-Заповедник= 1
-Командири= 3
-Помошник командир= 0
-Соработник за внатрешно и надворешно обезбедување =3
--Помлад соработник во затворска полиција= 2
- Виш затворски полицаец во затворска полиција = 18
-Постар затворски полицаец во затворска полиција= 13
-Затворски полицаец= 1
-Помлад затворски полицаец= 9

**Затворската полиција во КПД Прилеп своите активности ги реализираше во 4 смени**. Затворсктата полиција своите активности ги реализираше преку координација од страна на Заповедникот и Командирите на смена, заедно со сите вработените во секторот, хиерахиски поставени , а распоредите по смени се одредуваат со посебен акт потпишан од Директорот на КПД Прилеп.

**Врз основа на годишниот план за работа на Затворската полиција се организираа боеви гаѓања на секои 6 месеци (најмалку еднаш годишно во зависност од условите) со**

**лично и формациско вооружување**. Вработените во Затворска полиција и покрај тоа што имаа недостаток на персонал се трудеа да ги извршуваат што е можно попрофесионално и поефикасно секојдневните работни обврски, определени со Законот за извршување на санкциите.

**Во текот на годината зајакнати се безбедносните механизми преку превземени дополнителни физички мерки (поставена е нова и реконструирана постоечката заштитна ограда оклу објектот, обновен е видео надзорот во Установата, реконструирани се караулите во Установата).**

Оваа година барано е да се овозможи нови вработувања во Затворската полиција бидејќи е неопходно од зголемување на вработени лица во затворска полиција **(3 лица од Затворска полиција преку процесот на превземање се вработија во Судска полиција)** и евидентна е потребата од нови вработувања во овој сектор имајќи го во предвид високото ниво и степенот на безбедност на Установа што работи со осудени лица со висок ризик на рецидивизам и кривични дела, Установа од затворен вид. **Во континуитет се доставуваат и барањата за подобрени средства за работа на затворската полиција, како и опременување на Затворската полиција со нова униформа.**

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Работите и работните задачи во КПД Прилеп во 2025година беа определени согласно Законот за извршување санкции, Закон за работни односи, Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавен сектор, а според постојниот Правилник за систематизација на работните места број 01-1752/3 од 29.11.2019година и Правилникот за измена и дополнување на работни места бр.04-1558/2 од 06.11.2020година

Во постоечкиот правилник за систематизација на работните места во КПД Прилеп систематизирани се 159 работни места, а пополнети се 72 работни места.

Работни места: :

-Именувани лица:

Директор -1

Заменик директор-1

1. Сектор за ресоцијализација систематизирани се 31 работно место, а пополнети се 8 работни места;
2. Затворска полиција предвидени се 103 работни места, а пополнети се 50 работни места;
3. Сектор за општо-правни работи и јавни набавки систематизирани се 15 работни места, а пополнети се 5 работни места;
4. Сектор за финансиски прашања, систематизирани се 7 работни мест, а пополнети се 3 работни места;
5. Одделение за човечки ресурси предвидени се 3 работни мест, а пополнето е 1 работно место.

Систематизираните работни места (горенаведени) не се потполнети со потребниот вработен персонал, иако дел се пополнети во минатите години, па вработените од сите сектори: секторот за ресоцијализација, сектор за затворската полиција, секторот за општо-правни работи и јавни набавки и секторот за финансиски прашања, со цел да не трпи работата,

а во интерес на целната група-(лица лишени од слобода, а издржуваат казна затвор во КПД Прилеп) ја извршуваа целокупната работа во установата и имаа особено зголемен обем на работа.

Да поентираме дека и во 2024година немаше вработено лекар со цело работно време (имавме ангажирано надворешно лице-психијатар), и медицински персонал (двете сестри беа ангажирани лица со договор на дело од страна на Министерство за здравство) што дополнително ја отежнуваше работата во установата.

**ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

Финансиското работење се одвива преку буџетско трезорски сметки и тоа буџетската 070026038060312 и сметка за само финансирачка дејност – приходна сметка 07026038078710. Плаќањето од сметките се вршеше преку годишен финансиски план на расход, квартален и месечен план на расходи кои се доставува до Министерството за финансии-сектор трезор, кои претходно беа одобрувани од Управата за извршување на санкции, врз основа на расходните ставки на годишно ниво, утврдени од страна на Управата, согласно донесениот буџет на РСМ, за тековната година.

Финансиското работење го вршеше Установата со свои потенцијали (човечки и технички ресурси) во рамките на истата и комплетното книговодство и програма за книжење беше спроведувано од вработените, согласно законските прописи од оваа област.

Средствата по овој основ се одобруваат врз основа на потребите на домот, бројот на осудените лица пресметани по вкупен број осуденички денови, како и во зависност од проектите во рамките на капиталните инвестиции, врз основа на решение за доделување на средства од управата за разни основи.

Согласен:
**В.Д.ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР:**
**Диме Наумчески**

Одобрил:
**В.Д.ДИРЕКТОР:**
**Емил Јанески**

Република Северна Македонија · Казнено-поправен дом · Прилеп

Дата: 27.05.2026година

Изработил:
М.Ангелеска